**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 10-543/7**
**Скопје, 01.09.2005 година**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПОШТЕНСКИ СООБРАЌАЈ „МАКЕДОНСКА ПОШТА“**
**ц.о.СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавно претпријатие за поштенски сообраќај „Македонска Пошта“ц.о.Скопје (во понатамошниот Македонска Пошта) за 2004 година, кои се прикажани на страните од 9 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на „Македонска Пошта“ за 2001 година. За годината 2003 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Таип Јакупи - директор,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 15, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 06.04.2005 до 20.05.2005; од 27.05.2005 до 06.06.2005 и од 14.06. до 20.07.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Максим Ацевски, Помошник главен државен ревизор;
   - Љубинка Здравеска- самостоен ревизор,
   - Весна Младеновска, ревизор,
   - Билјана Арсовска Андонова, ревизор,
   - Десанка Крстеска, ревизор,
   - Мирјана Симакоска, ревизор,
   - Катерина Ристовска, помлад ревизор;
   - Соња Цифорова Симеонова-ревизор;

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на „Македонска пошта“ добиена е забелешка на Претходниот извештај, број 10-543/6 од 16.08.2005 година и тоа на дадената препорака и мерка за наодот содржан во точката 10.1.1.. Овластениот државен ревизор истата ја разгледа и не ја прифати.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. „Македонска пошта“ во сметководствената евиденција искажала останат капитал во износ од 2.368 илјади денари кои произлегуваат од поранешни години за пресметани средства на солидарноста, без притоа да се превземат конкретни активности за нивно плаќање согласно Наредбата за уплата на средствата на солидарноста. Непочитувањето на наведената наредба и неуплатување на наведените средства во корист на трезорската сметка „средства на солидарноста на Републиката за отстранување на последиците од елементарни непогоди“ предизвикува потценување на приходите на Републиката наменети за отстранување на последиците од елементарни непогоди.

11.1.2. „Македонска пошта“ на ревизијата и презентираше Одлука за определување на платата на директорот на Ј.П. број 03-3125/2 од 14.03.2000, Одлука за определување на платата на заменик директорот на Ј.П. број 03-3125/3 од 14.03.2000 и Решенија за плата број 04-14901/1 од 27.11.2002 и 03-1766/1 од 04.02.2003 годинана, при што на име месечна плата за периодот јануари-декември 2004 година на директорот и заменик директорот без соодветен писмен акт донесен од Владата на Република Македонија, извршена е исплата во нето износ од 1.334 илјади денари. На ревизијата не и беше презентиран соодветен акт донесен од надлежен орган за утврдување на плата на директорот и заменик директорот на Јавното претпријатие, што е спротивно на член 2 од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Непочитувањето на

одредбите од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката предизвикува исплата на плата која не е утврдена од Владата на Република Македонија.

**Препораки и мерки:**

1. „Македонска пошта“ да изврши плаќање на неплатените обврски од поранешни години на име средства на солидарноста согласно Наредбата и за истото го извести Државниот завод за ревизија.

2. „Македонска пошта“ да ги превземе потребните активности, да оствари контакт со надлежните тела и комисии при Владата на Република Македонија и да обезбеди соодветен акт за утврдување на платата на директорот и заменик директорот.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. На позициите аванси за материјални средства и обврски спрема добавувачи во земјата во Билансот на состојба искажани се аванси во износ од 2.856 илјади денари и обврски во износ од 5.522 илјади денари кои потекнуваат од поранешни години, истите се застарени и не се превземени соодветни активности за нивна наплата-плаќање односно отпишување што е спротивно на Законот за облигационите односи. Непочитувањето на законот за облигационите односи и непревземањето на активности за раскнижување-отпишување на наведените позиции предизвикува кон нереално и необјективно прикажување на наведените позиции. (Прилог број 1)

**Препораки и мерки:**

1. „Македонска пошта“ да превземе активности за наплата-плаќање на ненаплатените аванси и обврски и за истите кои ќе отцени дека се ненаплатливи да предложи на надлежниот орган да донесе соодветен акт за отпишување на истите во согласност со Законот за облигационите односи.

11.3. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. На позицијата материјални средства, долгорочни финансиски вложувања, побарувања од поврзани субјекти, краткорочни финансиски вложувања, аванси депозити и кауции за набавка на стока и запишан основен капитал.. во Билансот на состојба искажани се средства во износ од 2.185 илјади денари, догорочни финансиски вложувања во износ од 39 илјади денари, побарувања во износ од 377 илјади денари, краткорочни финансиски вложувања во износ од 2.192 илјади денари, аванси во износ од 1.585 илјади денари и капитал во износ од 160 илјади денари, согласно Одлука за усвојување на делбен биланс број 10440 од 27.03.1997 година, за кои од моментот на изготвување на делбениот биланс па до денот на ревизијата не се поткрепени со целосни и комплетирани сметководствени документи што е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва. Непревземањето на активности за обезбедување на потребните сметководствени документи предизвикува промените во трговските книги да се искажуваат врз основа на: нецелосни и комплетирани

сметководствени документи и неможност да се превземат соодветни активности за евидентирање на средствата во јавните книги, наплата на дадените побарувања и соодветно разкнижување од сметководствената евиденција.

11.3.2. На позициите останати побарувања од поврзани субјекти, останати краткорочни обврски од поврзани субјекти и останати одложени плаќања на трошоците и приходите во идните периоди во Билансот на состојба искажани се побарувања во износ од 48.492 илјади денари, обврски во износ од 30.160 илјади денари врз основа на Спогодба за финална инплементација и порамнување број 03-12304/1 од 01.11.2000 година и Анекс кон спогодбата број 02-9220/1 од 31.07.2000 година за кои од моментот на изготвување на делбениот биланс па до денот на ревизијата не се поткрепени со целосни и комплетеирани сметководствени документи (освен приложен преглед) што е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва. Непревземањето на активности за обезбедување на потребните сметководствени документи предизвикува промените во трговските книги да се искажуваат врз основа на: нецелосни и комплетирани сметководствени документи и неможност да се превземат соодветни активности за наплата-плаќање на дадените побарувања и обврски и соодветно разкнижување од сметководствената евиденција.

11.3.3. Врз основа на писмо број 10-10743/1 од 03.11.1997 година издадено од Министерството за финансии, „Македонска пошта“ донесува Одлука за пренесување на основачките права и акциите, што ЈП „Македонска пошта“ ги има во акционерски капитал на Стопанска Банка А.Д. – Скопје, на државата број 3918 од 22.12.1997 година обични акции со номинална вредност од 3.591 илјади денари. За потребите на ревизијата „Македонска пошта“ со писмо број 02-пф-3189/1 од 05.05.2005 година се обрати до Министерството за финансии за обезбедување на мислење за начинот на затварањето на искажаните побарувања на „Македонска пошта“ од државата „Република Македонија“. До денот на ревизијата не е добиен соодветен одговор. Отсуството на меѓусебното информирање и инструкции за превземање на конкретна активност предизвикува да се потврди веродостојноста на искажаните вложувања и неможноста да се превземат активности за обештетување на „Македонска пошта“.

11.3.4. На позицијата вложувања во хартии од вредност искажани се вложувања во хартии од вредност кај 55 правни субјекти во износ од 6.117 илјади денари добиени по делбен биланс (составен врз основа на Одлука на владата на Република Македонија број 23-3509/1 од 30.12.1996 година за делење на Јавното претпријатие за ПТТ сообраќај Македонија-Скопје), и истите се однесуваат за побарувања кои согласно Законот за преструктуирање на дел од претпријатијата кои во своето работење искажуваат загуби се претвараат во влог на претпријатието. За потврдување на искажаните податоци, Главниот државен ревизор со писмо број 10-351/1 од 29.04.2005 година се обрати до Централниот депозитар на хартии од вредност со кое бара да се доставаат податоци за издадените акции на име „Македонска пошта“. Според Известувањето од Централниот депозитар на хартии од вредност број 10-351/2 од 13.05.2005 година во Централниот депозитар на хартии од вредност се запишани акции во 12 правни субјекти во вредност од 604 илјади денари, кое укажува дека

„Македонска пошта“ не располага со податоци за состојбата за преостанатите 43 правни лица во износ од 5.513 илјади денари. Невоспоставувањето контакт со надлежните институции, неследење на вложувањета во трајниот влог и непревземањето на конкретни активности предизвикува на „Македонска пошта“ да се нанесе материјална штета во износ од 5.513 илјади денари. (Прилог број 2)

11.3.5. На позицијата останати побарувања од поврзани субјекти во Билансот на состојба искажани се побарувања во износ од 8.305 илјади денари за извршена уплата во корист на Канадска пошта на ден 23.10.2003 во износ од 208.494 канадски долари. Уплатата е извршена врз основа на писмо број 10-11864 од 23.10.2003 година од Министерството за транспорт и врски со кое ја задолжува „Македонска пошта“ да го изврши наведеното плаќање, без претходна добиена согласност на основачот што е спротивно на Законот за јавните претпријатија и член 17 од Законот за поштенските услуги. Уплатените средства се однесуваат на име компензација за сите реални и разумни хонорари и трошоци од страна на Канадска пошта, согласно „Протоколот“ во врска со Договорот за заеднички проект за обезбедување на поштенски и поштенско банкарски услуги во Република Македонија заведен под број 02-10761 од 26.09.2003 година во Министерството за транспорт и врски потпишан помеѓу Министерството за транспорт и врски и Канадска пошта. Од страна на „Македонска пошта“ со писма број 02 Пф 11665/ од 23.10.2003 година, број 02 Пф 11665/2 од 20.11.2003 година, број 02 Пф 11665/3 од 05.12.2003 година и број 02 Пф 7246 од 27.10.2004 година побарано е од Министерството за транспорт и врски да изврши рефундирање на уплатените средства. До денот на ревизијата не е добиен одговор од Министерството за транспорт и врски. Непочитувањето на законските одредби предизвикува да се изврши плаќање без претходно обезбедена согласност од основачот.

**Препораки и мерки:**

1. „Македонска пошта“ да ги превземе потребните мерки и активности за обезбедување на целосни и комплетирани документи, кои ќе преставуваат основа за евидентирање на средствата во јавните книги, наплата на дадените побарувања.

2. „Македонска пошта“ да обезбеди соодветно писмено мислење од надлежните органи (Министерството за финансии и Владата на Република Македонија) за начинот на затварање на искажаните побарувања од државата за пренесените основачки права и акции, што „Македонска пошта“ го имала во акционерскиот капитал на Стопанска Банка А.Д. Скопје.

3. Управниот одбор на „Македонска пошта“ да ги испита причините за непревземањето на соодветни мерки и активности за редовно следење на солветноста на правните субјекти во кои „Македонска пошта“ искажува вложувања во хартии од вредност и превземе соодветни мерки за обезштетување.

11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. Извршени се набавки на материјали, резервни делови и услуги во износ од 6.592 илјади денари без спроведена постапка за јавна набавка и набавки од мала вредност во износ од 12.579 илјади денари притоа надминувајќи го износот до 3.000 Евра за одреден вид или група на стоки, услуги и работи, односно не соодветно спроведена постапка за јавни набавки, што е спротивно на одредбите од Законот за јавните набавки. Непочитувањето на одредбите од Законот за јавните набавки предизвикува нефер конкуренција и нееднаква положба на понудувачите и незаконско користење на средствата во износ од 19.171 илјада денари. (Прилог број 3 и 4)

11.4.2. На ден 31.07.2001 година склучен е Анекс кон Спогодбата за финална имплементација и порамнување склучена на ден 01.11.2000 година, помеѓу „Македонска пошта“ и „Македонски телекомуникации“ со кој се изменува делот (3) „Плаќање за порамнување“ односно наместо „Македонски телекомуникации“ износот од 15.007.741 ДЕМ да го плати на „Македонски пошти“ заклучно со 30 јуни 2001 година, се врши доуредување на начинот на плаќање. Остатокот на неплатените побарувања во износ од 9.211.508 ДЕМ да се плати: 75% веднаш по потпишувањето на Анексот а 25% по добивање на имотни листови за објектите кои се наведени во Прегледот кој е во прилог на Спогодбата. Државниот завод за геодетски работи-Скопје нема востановено целосен катастар на недвижности согласно Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, односно за дел од наведените објекти во Прегледот сеуште е во примена „катастар на земјиште“ и дека катастарот на недвижности на наведените катастарски општини ќе се воспостави најдоцна до 2010 година. Застапникот на „Македонска пошта“ овозможил „Македонски телекомуникации“ наведените објекти да ги користи непречено иако истите не ги платил. Со ваквата постапка не е во можност „Македонска пошта“ да располага со градежните објекти и паричните средства и неизвесна е наплатата на паричните средства во износ од 48.175 илјади денари.

11.4.3. Извршено е ангажирање на физички лица за извршување на работни задачи во „Македонска пошта“ за што се искажани трошоци на име надомест на трошоците на вработените и персонален данок во вкупен износ од 41.346 илјади денари, што е спротивно на Законот за облигационите односи, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2004 година и Законот за работни односи. Непочитувањето на законските прописи и необезбедена согласност од Министерството за финансии, предизвикува ненаменско и незаконско користење на средства во износ од 41.346 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

1. „Македонска пошта“ да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кое ќе овозможи фер конкуренција и еднаква положба на понудувачите.

2. „Македонска пошта“ да иницира постапки за поништување на склучениот Анекс кон Спогодбата за финалната имплементација и порамнување

склучена помеѓу „Македонска пошта“ и „Македонски телекомуникации“, и бара плаќање на ненаплатените побарувања во износ од 48.175 илјади денари.

3. „Македонска пошта“ да обезбеди соодветно почитување на законските акти од областа на ангажирањето на физички лица по договор за дело а потребата од нови вработувања ја разреши во соработка со основачот (Владата на Република Македонија) и Министерството за финансии, согласно законските акти за работни односи.

11.5. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1; 11.2; 11.3 и 11.4 придонесуваат „Македонска пошта“ да не ги подмири сите обврски према Буџетот на Република Македонија, исплатува плати за директорот и заменик директорот без донесен акт од надлежен орган (Владата), непостоење на соодветни сметководствени политики за начинот на отпишување на застарените аванси, побарувања и обврски, евидентирање на промени во трговските книги без целосни и комплетирани документи, непотврдени вложувања во хартии од вредност, платени средства без согласност од основачот и остварено незаконско и ненаменско користење на средствата.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.1 до 11.3 финансиските извештаи ја преставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на „Македонска пошта“ под 31 Декември 2004 година, резултатите од работењето и паричните текови за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во во точките 11.1. и 11.4., кај „Македонска пошта“ е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2004 година.

14. Обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

14.1.1. Извршена е поделба на Ј.П. за ПТТ сообраќај „Македонија“-Скопје согласно Одлука на владата на Република Македонија број 23-3509/1 од 30.12.1996 година на Јавно претпријатие за телекомуникации „Македонски телекомуникации“ и Јавно претпријатие за поштенски сообраќај „Македонска пошта“, за кое е изработен и усвоен делбен биланс со состојба 31.12.1996 година. За да се изврши имплементација на делбениот биланс во 2000 година склучен е договор помеѓу „Државниот завод за геодетски работи“-Скопје, А.Д. „Македонски телекомуникации“ и Ј.П. „Македонска пошта“ ц.о. Скопје за извршување на геодетско снимање на земјиштето и објектите со етажен премер, со воспоставување на катастарска евиденција и издавање на имотни листови или поседовен лист. Но и покрај договорените обврски и иницираните повеќекратни активности за издавање на имотни или поседовни листови со кои ќе се запази реална состојба по делбениот биланс, истото не е извршено поради тоа што катастарот на недвижности ќе се воспостави најдоцна до 2010 година и непотпишан договор за физичка делба. Ревизијата не е во можност да го процени вкупниот ефект врз финансиските извештаи кој би произлегол од разрешувањето на конкретната состојба.

15. Ревизијата има обврска да истакне дека од страна на „Македонска пошта“ не се превземени потребните мерки и активности за отстранување на констатираните состојби во конечниот ревизорски извештај за финансиските извештаи на „Македонска Пошта“ за 2001 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 31/08/2005 година**

**Максим Ацевски**

**Јавно претпријатие за поштенски сообраќај“Македонска пошта” Ц.О. - Скопје**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2004 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| **ОПИС** | **Образло-жениja** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3.1. | 1,239,773 | 1,221,047 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 3.2. | 1,192 | 1,091 |
| Останати деловни приходи | 3.3. | 49,223 | 50,944 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | | **1,290,188** | **1,273,082** |
| Материјални трошоци | 3.6. | 260,634 | 242,499 |
| Трошоци за бруто плати | 3.7. | 686,921 | 728,686 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 3.8. | 139,868 | 172,209 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 3.9. | 917 | 2,271 |
| Останати оперативни трошоци | 3.10. | 284,869 | 269,994 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | | **1,373,209** | **1,415,659** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3.4. | 8,799 | 10,811 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 3.11. | 2,752 | 3,945 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | | **(76,974)** | **(135,711)** |
| Вонредни приходи | 3.5. | 2,489 | 5,426 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **(74,485)** | **(130,285)** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | | **(74,485)** | **(130,285)** |

Образложенијата дадени од страна 13-31 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**Јавно претпријатие за поштенски сообраќај“Македонска пошта” Ц.О. - Скопје**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жениja | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 4.1. | 60,203 | 47,115 |
| Побарувања по основ на продажба | 4.2. | 169,351 | 111,040 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 4.3. | 89,092 | 84,645 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 4.4. | 174,550 | 174,557 |
| Други краткорочни побарувања | 4.5. | 16,336 | 16,445 |
| Платени трошоци за идните периоди | 4.6. | 12,154 | 5,185 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.7. | 2,042 | 3,194 |
| Залихи | 4.8. | 71,612 | 79,742 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 4.9. | 5,655 | 3,060 |
| **Вкупно тековни средства** | | **600,995** | **524,983** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални и материјални средства | 4.10. | 1,485,713 | 1,610,444 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4.11. | 87,306 | 92,198 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **1,573,019** | **1,702,642** |
| **Вкупна актива** | | **2,174,014** | **2,227,625** |
| **Вонбиласна евиденција-актива** | | **0** | **281** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачите | 4.12. | 93,820 | 67,104 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 4.13. | 1,701 | 861 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 4.14. | 15,373 | 16,620 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 4.15. | 10,474 | 10,759 |
| Останати краткорочни обврски | 4.16. | 1,374 | 4,928 |
| Одложени плаќања на трошоци | 4.17. | 17,565 | 19,177 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **140,307** | **119,449** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Капитал | 4.18. | 2,082,517 | 2,089,336 |
| Ревалоризациона резерва | 4.19. | 25,675 | 25,659 |
| Акумулирана добивка | 4.20. | 0 | 123,466 |
| Загуба за финансиска година | 4.21. | 74,485 | 130,285 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **2,033,707** | **2,108,176** |
| **Вкупна пасива** | | **2,174,014** | **2,227,625** |
| **Вонбиласна евиденција-пасива** | | **0** | **281** |

Образложенијата дадени од страна 13-31 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**Јавно претпријатие за поштенски сообраќај“Македонска пошта” Ц.О. - Скопје**

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Ревалоризациона резерва | Акумулирана добивка | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **2,089,336** | **25,659** | **123,466** | **130,285** | **2,108,176** |
| Ревалоризациона резерва за годината | | 16 | | | **16** |
| Загуба за финансиска година | | | | 74,485 | **74,485** |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | (6,819) | | (123,466) | (130,285) | **(130,285)** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **2,082,517** | **25,675** | **0** | **74,485** | **2,033,707** |

Образложенијата дадени од страна 13-31се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.

**Јавно претпријатие за поштенски сообраќај“Македонска пошта” Ц.О. - Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2004 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2004/2003** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(74,485)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 139,868 |
| Трошоци од поранешни години | 1,593 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 918 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 366 |
| Приходи од вишоци | (30) |
| **Готовински текови од работење** | **68,230** |
| Побарувања по основ на продажба | (58,015) |
| Побарувања од поврзани субјекти | (4,447) |
| Краткорочни финансиски вложувања | 7 |
| Други краткорочни побарувања | 109 |
| Платени трошоци за идните периоди | (6,969) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 837 |
| Залихи | 8,130 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | (2,595) |
| Обврски спрема добавувачи | 26,716 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 840 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (1,247) |
| Краткорочни обврски од финансирање | (285) |
| Останати краткорочни обврски | (3,554) |
| Одложени плаќања на трошоци | (1,612) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **26,145** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 4,892 |
| Нематеријални и материјални вложувања | (17,949) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(13,057)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **13,088** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **47,115** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **60,203** |

Образложенијата дадени од страна 13-31 се составен дел на финансиските извештаи

*Поради заокружување на податоците искажани во финансиските извештаи во „000“ денари, за истите постои можност на отстапување.